РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-5543/6
19 -06- 2024

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на шестата седница одржана на ден 10.06.2024 година донесе

## *Одлука*

Постапката по предметот со број 08-5543/1 од 02.06.2022 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошнно надлежно постапување на ДКСК по предметот со број 08-5543/1 од 02.06.2022 година.

Предметот со број 08-5543/1 од 02.06.2022 година да се архивира.

Одлуката, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Предметот со број 08-5543/1 од 02.06.2022 година е оформен по сопствена иницијатива, врз основа на Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2022 година.

ДКСК изврши проверка на вистинитоста на податоците од анкетниот лист на ____________________, медицински директор на ЈЗУ ____________________________________.

ДКСК од ______________________ побара податоци за членовите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство.

За ______________________ и за членовите на неговото семејство, ДКСК прибави податоци од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

По разгледување и анализа на добиените податоци од наведените институции како и податоците од анкетниот лист на ____________________________, поднесен по

избор на функцијата медицински директор на ЈЗУ _____________________________________________, ДКСК утврди дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување.

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател,

Татјана Димитровска

Изготвил: А.Ч. , раководител на одделение
Одобрил: З.Б. , заменик претседател на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk